РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 16-1638/1
01-04-2026 г./v.

# ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА
# УТВРДЕНИТЕ СОСТОЈБИ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ЗА ПОВТОРНИ ИЗБОРИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГОСТИВАР, ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВРАПЧИШТЕ, ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ И ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА - 2026 ГОДИНА

Скопје, март 2026

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

## ВОВЕД

Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст:ДКСК), постапувајќи согласно надлежностите утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси[1], Глава четврта – Спречување на корупцијата во политиката и Изборниот законик[2], ги следеше активностите на учесниците во изборниот процес поврзан со повторните избори за градоначалник на Општина Гостивар, градоначалник на Општина Врапчиште, градоначалник на Општина Маврово и Ростуше и градоначалник на Општина Центар Жупа, 2026 година (во натамошниот текст – Повторните локални избори) во Република Северна Македонија. ДКСК ги спроведува своите надлежности за следење на активностите на учесниците во изборната кампања, со цел обезбедување на законитост, транпарентност и интегитет на на изборниот процес.

Во Заклучок на конечност на резултати од гласањето во првиот круг за избор на членови на советите на општините и советот на Град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје, одржани на 19.10.2025 година, за соодветните општини со број 08-3716/2 од 29.10.2025 година, донесен од Државната изборна комисија (во натамошниот текст – ДИК), поради неисполнет услов од 132 став (2) од Изборниот законик да излезат една третина од вкупниот број избирачи запишани во изводот од избирачкиот список за соодветната општина во првиот круг на гласање во споменатите општина, утврдено е дека постапката за избор на градоначалник на овие општини ќе биде повторена, согласно член 132 став (2) од Изборниот законик, врз основа на претходно донесено решение од Претседателот на Собранието на РСМ.

Врз основа на членот 12 став (2) од Изборниот законик, а имајќи го во предвид Заклучокот за завршување на Локалните избори 2025 година, за Избор на членови на советите на општините и Совет на Град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје што Државната изборна комисија на 12.11.2025 година го донесе и го објави под број 08-3716/5, Претседателот на Собранието на

---

[1] Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси ("Службен весник на Република Македонија" број 12/2019)

[2] Изборен законик ("Службен весник на Република Македонија" број 40/2006, 127/2006, 136/2008,148/2008,155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18 и 27/19 и Службен весник на Република Северна Македонија број 98/19, 146/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 76/24 и 116/25)

РСМ го донесе Решението за распишување на повторни избори за Градоначалник на општина Гостивар, Градоначалник на општина Врапчиште, Градоначалник на општина Маврово и Ростуше и градоначалник на општина Центар Жупа, со број 09-5773/1 од 17 ноември 2025 година.

Врз основа на членовите 7, 57, 58, 60, 62, 63, 64, 65, 66 и 67 од Изборниот законик, а согласно Роковникот на Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на повторните избори закажани за 11 јануари 2026 година број 11-4830/1 од 17.11.2025 година, општинските изборни комисии потврдија вкупно 7 листи на кандидати за градоначалник во 4-те оппштини во РСМ, поднесени од 6 различни подносители на листи.

За време на Повторните локални избори 2026, ДКСК постапуваше во согласност со своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (во натамошниот текст – ЗСКСИ), Изборниот законик, и други закони.

Со цел извршување на својата превентивна улога, ДКСК, како и во претходните изборни периоди објави соопштение со кое ги информира сите релевантни субјекти за законските обврски и ограничувања, со цел да се спречат потенцијални злоупотреби и корупттивни дејствија во споменатиот период.

Следејќи го финансирањето на политичките партии ДКСК утврди дека дел од парламентарните партии и коалициите предводени од нив, обезбедиле финансирање на изборната кампања со буџетски средства, односно од планираните средства за платено политичко рекламирање и од средствата добиени од Буџетот на РСМ наменети за редовното работење на партиите. Додека, донациите од правни и физички лица се доминантни извори за финансирање на партиите кои немаат доволно средства од Буџетот на РСМ.

Најголем дел од расходите во текот на изборната кампања се однесуваат за Издатоци за реклама и пропаганда, а понатаму следуваат издатоците за сметководствени услуги, данок на личен доход и провизии за платен промет и надоместоци за банкарски услуги.

Согласно член 32, од ЗСКСИ, ДКСК го подготви овој Посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања кој се доставува до Собранието на РСМ, со цел непосредно запознавање на Собранието на РСМ и јавноста со утврдените состојби и констатации и за кои дава соодветни препораки.

## 1. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Надлежностите и постапувањето на ДКСК за следење на законитоста на финансирањето на изборните кампањи и контрола на злоупотребата на буџетски средства во периодот по распишување на изборите се уредени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси1 Глава четврта - Спречување на корупцијата во политиката, членови од 32 до 37.

Во делот на контрола на злоупотреба на буџетски средства во изборниот процес, надлежностите на ДКСК се следење, проверка, обелоденување и преземање мерки против одговорните/службените лица во државните органи и јавни институции, ЕЛС и нивните институции, доколку се потврди основаноста на наводите за користење на буџетски/општински средства за организирање или финансирање на изборната кампања, или доколку се потврди основаноста на наводите за финансирање на изборната кампања од извори кои не се согласно законски предвидените или потекнуваат од анонимни извори.

Иако надлежностите на ДКСК се дефинирани во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК има обврска за почитување и примена на членови од Изборниот законик, поконкретно членовите: 8-а, 8-б,71, 72, 74-а, 78-а, 83, 83-а, 83-б, 84-б, 85, 85-а, 179, 189.

Претседателот на Собранието на РСМ со Решение број 09-5773/1 од 17.11.2025 година ги
распиша повторните избори за избор на градоначалник на општина Гостивар, градоначалник на општина Врапчиште, градоначалник на општина Маврово и Ростуше и градоначалник на општина Центар Жупа, по претходно неисполнет услов согласно член 132 став (2) од Изборниот законик при изборот за градоначалник во четирите општини и по донесениот Заклучок бр. 08-3716/5 година за запирање на постапката за спроведување на избори во четирите општини од причина што не беше исполнет условот, да излезат една третина од вкупниот број на избирачи запишани во изводот од избирачкиот список во првиот круг на гласање.

Датумот на одржување на изборите беше 11.01.2026 година.

Заради навремено постапување на сите учесници во изборниот процес од страна на ДИК донесен е Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на

повторни избори за градоначалник на општина Гостивар, градоначалник на општина Врапчиште, градоначалник на општина Маврово и Ростуше и градоначалник на општина Центар Жупа, 2026 година, со кои се утврдени крајните рокови за постапување како за учесниците во изборната кампања, така и за државните органи и органите на ЕЛС, ДИК, ДЗР и ДКСК.
Согласно овој роковник, изборната кампања за гласање започнува на 22 декември 2025 година во 00:00 часот и трае до 24:00 часот на 9 јануари 2026 година, а изборната кампања за избор на втор круг на гласање за градоначалници предвидено е да трае заклучно со 24:00 часот на 23 јануари 2026 година.

Во законски утврдените рокови, од страна на овластени претставници на подносители на листи за кандидати до ДИК доставени се вкупно 7 кандидати за градоначалници:
по двајца кандидати за градоначалник на општина Гостивар, општина Врапчиште и општина Маврово и Ростуше, додека за општина Центар Жупа – еден кандидат.

Кандидатите беа предложени од 6 различни подносители на листи и тоа:

1. Коалиција ВЛЕН,
2. Коалиција "ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" предводена од ВМРО-ДПМНЕ,
3. НАЦИОНАЛНА АЛИЈАНСА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА – НАИ,
4. Коалиција за локални избори 2025 година предвидена од СДСМ,
5. ГРУПА ИЗБИРАЧИ, Зуљхајрат Демири,
6. ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА – ДПТМ.

## 2. ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС

Во глава IV Спречување на корупцијата во политиката од ЗСКСИ, утврдени се постапките, активностите и мерките кои ДКСК ги презема доколку се констатира повреда на членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик, финансирањето на изборната кампања, располагањето со јавните добра и средства за време на изборниот процес, односно од распишувањето на изборите се до завршување на изборите за избор на градоначалник.
Во таа насока, по објавување на Решението за распишување на повторните локалните избори - 2026, ДКСК презема активности со цел спроведување на мониторинг на законитоста на финансирањето на изборната кампања, контролата на злоупотреба на буџетските средства во периодот по распишување на изборите, забраната за нови инвестиции и вонредни исплати, злоупотребата за користење

противправни и анонимни извори на финансирање за време на избори, утврдувањето на злоупотреба на финансирање на политичките партии за време на изборна кампања, поткупот на избирачи, влијание при избор, именување и разрешување на раководни места.

## 3. АКТИВНОСТИ НА ДКСК ПРЕД ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА

Повторните избори за градоначалник на Општина Гостивар, градоначалник на општина Врапчиште, градоначалник на општина Маврово и Ростуше и градоначалник на Општина Центар Жупа се одржаа во краток период по завршување на Локалните избори за избор на градоначалници на општините и Градот Скопје и членови на совети на општините и на Градот Скопје 2025. Со цел исполнување на превентивната улога, ДКСК и за овие повторени избори објави Соопштение на својата веб страница во кое беа содржани забраните утврдени во членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик и член 34 и 36 од ЗСКСИ со цел информирање на сите државни институции во општините каде се одржуваа избори (Гостивар, Врапчиште, Маврово и Ростуша и Центар Жупа) за нивното постапување во овој период.
Во Соопштението се укажува дека ДКСК ќе го следи целиот изборен процес, ќе постапува по предмети со наводи за сомневање за прекршување на законите во овој период, ќе врши проверка на таквите сомневања, ќе ги извести надлежните органи и ќе бара преземање активности во рамките на нивното надлежно постапување. Исто така, се укажува и дека почитувањето на ограничувањата утврдени во претходно наведените законски одредби, претставуваат обврска на одговорните лица на државните органи и други субјекти, а во случај на констатирани прекршувања и злоупотреби ДКСК ќе преземе активности и мерки согласно закон. Истите забрани и ограничувања наведени во соопштението од минатите изборни процеси важеа и за овој изборен процес.

И во овој процес беше овозможено преку расположливата алатка – преку соодветен образец - Пријава објавена на веб страницата на ДКСК, по електорнски пат да се пријавуваат сомневањата за можни незаконитости и прекршувања во изборниот процес од страна на физички и правни лица.
Искуството покажа дека овој начин на пријавување е добра алатка за пријавување на сознанија /сомневања за евентуални неправилности или прекршувања на одредбите од Изборниот законик кои се однесуваат на забрана за започнување со изградба со средства од буџетот, јавни фондови, јавни претпријатија и други

правни лица што располагаат со државен капитал, да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови, отуѓување државен капитал, потпишување колективни договори, спроведени постапки за вработување нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, одржување на јавни настани по повод започнување на изградба или пуштање во употреба на објекти со средства од Буџетот или од јавни фондови, или од средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал.

## 4. ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊА ЗА МИСЛЕЊЕ ОД ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

Во Повторните локални избори до ДКСК беа доставени 18 барања за мислење до ДКСК, кои се однесуваа на прашања за начинот на постапување на институциите во врска со постапките за вработувања, унапредување, дисциплинските постапки, постапките за започнување на изградба на објекти, отуѓување на имот и други активности, во смисла на почитување на забраните утврдени со членот 8-а и членот 8-б од Изборниот законик и членот 34 од ЗСКСИ. На сите овие барања беше доставено Известување дека ДКСК нема законски основ и надлежност да дава мислење или согласност по доставените барања за мислење, со укажување дека при одлучувањето за не/спроведување одредени активности, од денот на донесувањето на одлуките за распишување на избори па до завршување на Повторните локални избори , потребно е да се почитуваат забраните утврдени во член 8-а и 8-б од Изборниот законик и член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и дека истите се одговорност на одговорните лица на државните органи и другите субјекти.

## 5. ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ОД СТРАНА НА УЧЕСНИЦИТЕ

### 5.1. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА

Согласно членовите 84-б и 85 од Изборниот законик, учесниците во текот на изборната кампања имаат обврска да доставуваат податоци во форма на времени

извештаи до ДКСК, ДИК и ДЗР, на посебен образец согласно Правилник за образецот за примени донации на трансакциска сметка за изборна кампања и образецот за вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања (во продолжение: Извештај), односно:

- Извештај за примени донации на трансакциска сметка за изборна кампања, кој се поднесува на 11-от ден од изборната кампања, кога изборите се одржуваат во еден круг, согласно член 84-б став (1);
- Извештај за примени донации на трансакциска сметка за изборна кампања, кој се поднесува во рок од еден ден по завршувањето на кампањата, доколку изборите се одржат во еден круг, согласно член 84-б став (1) ;
- Извештај за примени донации на трансакциска сметка за изборна кампања, кој се поднесува еден ден пред одржување на вториот круг на гласање, доколку на изборите се одржува втор круг на гласање, согласно член 84-б став (2);
- Извештај за примени донации на трансакциската сметка за изборна кампања, кој се поднесува еден ден по затворањето на трансакциската сметка за изборната кампања и се однесува за периодот од еден ден по завршувањето на кампањата до затворањето на трансакциската сметка за изборната кампања, доколку изборите се одржат во еден круг, согласно член 84-б став (3) ;
- Вкупен Финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, согласно член 85 став (1).

По извршената анализа на примените извештаи од сите учесници, ДКСК ги констатира состојбите во однос на исполнетоста на обврските за доставени Извештаи со образец за примените донации на трансакциската сметка за изборната кампања и вкупните финансиски извештаи од страна на учесниците во изборниот процес во Повторните локални избори 2026 година.

**Табела 1.** Преглед на доставени Извештаи според подносител на листа

| Учесник во изборната кампања | Извештај со образец за примени донации на тр. с-ка | | | Вкупен финансиски извештај со спецификациј а на трошоците за приходите и расходите | Вкупен број на доставени извештаи |
|---|---|---|---|---|---|
| | член 84-б ст.1 | член 84-б ст.3 | член 84-б ст. 4 - прв круг | член 85 ст.1 | |
| Коалиција ВЛЕН | доставен | доставен | доставен | доставен | 4 |
| Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ | доставен | доставен | доставен | доставен | 4 |
| Демократска партија на Турците на Македонија | доставен | **не е доставен** | **не е доставен** | доставен | 2 |
| СДСМ за избор на градоначалник на општина Маврово и Ростуша | доставен | доставен | доставен | доставен | 4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Национална Алијанса за Интеграција – НАИ | доставен | доставен | **не е доставен** | доставен | 3 |
| **ГРУПА ИЗБИРАЧИ, Зуљхајрат Демири** | **не е доставен** | **не е доставен** | **не е доставен** | **не е доставен** | 0 |
| Вкупен број на доставени извештаи: | 5 | 4 | 3 | 5 | 17 |

Од извршениот увид и обработка на примените извештаи, констатирано е дека од вкупно шест учесници во изборниот процес, еден кандидат, односно кандидатот поддржан од Група избирачи, Зуљхајрат Демири нема доставено ниту еден Извештај со образец за примени донации на трансакциската сметка за изборната кампања, а не е доставен ниту финансискиот извештај за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања. Оваа состојба има влијание на транспарентноста на финансирањето на изборната кампања, а претставува и не исполнување на законската обврска од страна на учесникот во кампањата.

## 5.2. АНАЛИЗА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Направена е анализа на сите податоци содржани во сите доставени извештаи од страна на сите учесници при што е констатирана следната состојба:

- Учесникот во изборната кампања - **Коалицијата ВЛЕН** има поднесено листа со кандидат за избор на градоначалник во Општина Гостивар и ги има доставено сите потребни извештаи за финансирањето на кампањата, согласно законските обврски.
  При обработката на податоците содржани во извештаите, утврдено е дека вкупните приходи на Коалиција ВЛЕН за Повторните локални Избори 2026 изнесуваат **5.649.230** денари.

Анализата на структурата на истите покажува дека само 8% од нив, односно 450.000 денари се обезбедени од донации од физички лица пренесени од основната сметка на политичката партија на трансакциската сметка за изборна кампања, додека доминантен извор на финансирање, односно 92%, во вкупен износ од 5.199.230 денари, се обезбедени од Буџетот на РСМ согласно Изборниот законик, со намена за платено политичко рекламирање. Анализата на извештаите кај овој учесник покажаа дека недостасуваат податоци за обезбедените донации, односно констатирано е дека во точката 2.1. „Донации од физички лица пренесени од основната трансакциска сметка на политичката партија на трансакциска сметка за изборна кампања", пополнета е само колоната „Назив на политика партија" каде е наведена политичката партија БЕСА од чија трансакциска сметка се уплатени средствата на сметката за изборната кампања, без да се наведат податоци во останатите колони од истата, односно податоци за физичките лица донатори и износот на поединечните уплатени донации.
Доминантен дел од средствата обезбедени од донации, односно дури 99,75% од нив, се потрошени за издатоци за реклама и пропаганда, а само мал дел од нив, односно 0,25% биле наменети за плаќање на издатоци за провизии за платен промет и надоместоци за банкарски услуги.

Извршената анализа на платеното политичко рекламирање, односно рекламирањето по вид на медиуми и емитувањето на платено политички реклами укажува на следната состојба:

- за рекламирање преку *радио* се потрошени само 1% од средствата за ППР, а услугата била обезбедена само од еден медиум,
- доминантно е рекламирањето преку *телевизија*, со потрошени 77% од средствата за ППР, уплатени на шест медиуми, и
- рекламен простор на *веб портали*, биле искористени 22% од средствата за ППР на овој учесник и биле рекламирани на десет различни портали.

**Табела 2.** Структура на расходи на Коалиција ВЛЕН :

| Вид на расход | Износ во денари |
|---|---|
| *Издатоци за реклама и пропаганда* | 448.880 |
| *Провизии за платен промет и надоместоци за банкарски услуги* | 1.120 |
| *Емитување на ППР преку радио* | 54.120 |
| *Емитување на ППР преку телевизија* | 4.015.460 |
| *Емитување на ППР преку рекламен простор на веб портал* | 1.129.650 |
| *Вкупно:* | **5.649.230** |

- **Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" предводена од ВМРО-ДПМНЕ** учествувала во кампањата за избор на градоначалник единствено во Општина Маврово и Ростуше и ги има доставено сите извештаи за изборната кампања, со што во целост ја има исполнето својата законска обврска.

  Од анализата на податоците од извештаите се констатира дека овој учесник има обезбедено парични средства од основната сметка на политичката партија ВМРО –ДПМНЕ, во вкупен износ од **1.348.217** денари, кои партијата ги обезбедила од донации од физички лица. Во вкупниот извештај се содржани податоци за физичките лица донатори и податоци за износот и датум на уплата.

  Во извештајот за кампањата за овие Повторни локални избори, коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ нема прикажано податок за користени парични средства обезбедени од Буџетот на РСМ со намена за платено политичко рекламирање.

Расходите во најголем дел, односно 99,38% се однесуваат на издатоци за реклама и пропаганда, понатаму, 0,6% од средствата биле потрошени за исплата на сметководствени услуги и само мал дел, од 0,02% биле потрошени за провизии за платен промет и надоместоци за банкарски услуги.

При анализата на податоците во вкупен финансиски извештај на овој учесник, констатирано е несовпаѓање на податоците во точката 8. со податоците во точката 10. Тоа се должи на:

- во точката 8. „Пренесени парични средства на основната трансакциска сметка на политичката партија од трансакциската сметка за изборна кампања", не е наведен податок,
- во точката 10. „Вкупни приходи и вкупни расходи"во позицијата под реден број 10. „Пренесени парични средства на основната трансакциска сметка на политичката партија од трансакциската сметка за изборна кампања" е наведен износ од 135.000 денари,
- додека во Правилникот за образецот за примени донации на трансакциска сметка за изборна кампања и образецот за вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања и Упатството за начинот на пополнување на извештаите за изборната кампања, износот даден во позиција 10 во точките 10 и точка 8 треба да се исти.

Анализата на видовите расходи за изборната кампања е прикажана во Табела 3.

**Табела 3.** Структура на расходи на Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" предводена од ВМРО-ДПМНЕ:

| Вид на расход | Износ во денари |
|---|---|
| ***Издатоци за реклама и пропаганда*** | 1.205.736 |
| ***Сметководствени услуги*** | 7.236 |
| ***Провизии за платен промет и надоместоци за банкарски услуги*** | 245 |

| | |
|---|---|
| *Пренесени средства на основна трансакциска сметка на политичката партија* | 135.000 |
| *Вкупно:* | **1.348.217** |

- **Демократска партија на Турците на Македонија (ДПТМ)** учествувала како единствен кандидат за избор на градоначалник на Општина Центар Жупа и делумно ја исполнил својата законска обврска за финансиско известување, односно доставени се само извештајот за обезбедените донации до 11-тиот ден од изборната кампања и вупниот финансиски извештај со трошоците за приходите и расходите во истата.

  Анализата на овие извештаи покажа дека овој учесник обезбедил приходи во вкупен износ од **15.000** денари остварени по пат на донации од правни лица, кои во најголем дел односно 91 % се потрошени за издатоци за реклама и пропаганда, додека 9 % се потрошени за платени провизии за платен промет и надоместоци за банкарски услуги. Останатите средства, во износ од 930 денари се вратени на основната трансакциска сметка на политичката партија.

  Овој учесник нема обезбедено средства за платено политичко рекламирање од Буџетот на РСМ.

  При анализа на податоците содржани во вкупниот извештај, констатирано е дека вкупните расходи за кампањата изнесуваат 15.050 денари, што укажува на разлика од 50 денари во однос на обезбедените приходи, која е несоодветно прикажан.

**Табела 4.** Структура на расходи на Демократската партија на Турците на Македонија:

| Вид на расход | Износ во денари |
|---|---|
| *Издатоци за реклама и пропаганда* | 12.862 |
| *Провизии за платен промет и надоместоци за банкарски услуги* | 1.258 |
| *Пренесени средства на основна трансакциска сметка на политичката партија* | 930 |
| *Вкупно:* | **15.050** |

- **Политичката партија СДСМ** има поднесено листа за учество на изборите единствено во Општина Маврово и Ростуше. Овој учесник ги има доставено сите извештаи согласно член 84-б и член 85 од Изборниот законик.

  Анализата на доставените извештаи покажува дека вкупните приходи на овој учесник во изборната кампања изнесувале **918.269** денари. Најголем дел од нив односно 57,5% или во износ од 528.269 денари политичката партија СДСМ ги обезбедила од Буџетот на РСМ за објавување на платено политичко рекламирање, а помал дел од приходите, во износ од 390.000 или 42,5%, од нив, биле средства пренесени од основната трансакциска сметка на политичката партија, кои на партијата и се дадени од Буџетот на РСМ, согласно член 9 од Законот за финансирање на политичките партии[3].

  Емитувањето на платено политички реклами на овој учесник е:
  - доминантно преку *телевизија*, за која се потрошени 69,9% од средствата по овој основ и тоа кон една национална телевизија и
  - *два веб портали* за кои се одвоени и исплатени 30,1% од средствата.

  Сопствените средства кои партијата ги пренела од основната сметка, во најголем дел се користени за издатоци за реклама и пропаганда 99,1% и 0,9% се однесуваат на платени провизии за платен промет и надоместоци за банкарски услуги.

  Од вкупно обезбедените средства на сметката на изборната кампања, 14.936 денари биле вратени на основната трансакциска сметка на политичката партија, што е уредно прикажано во точката 8. од табеларниот преглед.

  Вкупните износи на потрошени средства за изборната кампања, по вид на расход, е прикажано во табелата подолу.

**Табела 5.** Структура на расходи на СДСМ:

| Вид на расход | Износ во денари |
|---|---|
| ***Издатоци за реклама и пропаганда*** | 371.606 |
| ***Провизии за платен промет и надоместоци за банкарски услуги*** | 3.458 |

[3] Закон за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/2004; 86/2008; 161/2008; 96/2009; 148/2011; 142/2012; 23/2013 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/2020).

| | |
|---|---|
| *Пренесени средства на основна трансакциска сметка на политичката партија* | 14.936 |
| *Емитувањето на ППР преку телевизија* | 369.185 |
| *Емитувањето на ППР преку рекламен простор на веб портал* | 159.084 |
| *Вкупно:* | **918.269** |

- **Национална Алијанса за Интеграција – НАИ** учествувала со кандитати за избор на градоначалници во две општини: Општина Врапчиште и Општина Гостивар. Доставени се три од пропишаните четири извештаи за финансиско известување, со што овој учесник не ја исполнил законската обврска во целост.

Вкупните приходи на овој учесник во изборната кампања изнесувале **10.565.807** денари. Во делот на изворите на обезбедени средства, анализата покажува дека 65%, односно 6.875.007 денари се обезбедени од Буџетот на РСМ за платено политичко рекламирање, 35%, односно 3,690,000 денари се обезбедени од основната сметка на политичката партија Алијанса на албанците Тетово и 800 денари од донции во пари дадени од физички лица. При анализата на извештаите на овој учесник констатирано е дека истите се нецелосни и се содржани неточни збирни податоци, односно:

- Податокот за вкупно уплатени средства од физички лица, во износ од 800 денари кои се прикажани во вкупниот извештај точка 1. „Приходи од донации во пари, ствари и услуги од физички лица" не се прикажани во точката 10. „Вкупни приходи и вкупни расходи" во позицијата 1. „Приходи од донации во пари", иако согласно Правилникот за образецот за примени донации на трансакциска сметка за изборна кампања и образецот за вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања, овие износи треба да бидат прикажани со ист износ.

- Постои несогласување во податоците за прикажаните расходи. Утврдена е разлика помеѓу износите прикажани во вкупниот

финансиски извештај во делот „Спецификацијата на трошоците“ позицијата „Вкупно“ за секој вид на расход и прикажаните износи во точката 9. „Расходи“ детално прикажано во Табела 6.

**Табела 6**: Констатирани разлики во прикажаните податоци од вкупниот финансиски извештај за изборната кампања на **Национална Алијанса за Интеграција – НАИ:**

| Вид на расход | Спецификација на трошоци во денари* | Точка 9. Расходи во денари | Разлика во денари |
|---|---|---|---|
| *Комунални услуги и греење* | 31.542 | / | 31.542 |
| *Превозни – транспортни услуги* | 5.563.880 | / | 5.563.880 |
| *Издатоци за реклама и пропаганда* | 10.597.976 | 3.507.456 | 7.090.520 |
| *Расходи за одржување на предизборни собири* | 109.952 | / | 109.952 |
| *Вкупно:* | **16.303.350** | **3.507.456** | **12.795.894** |

** Податоците наведени за учесникот во изборната кампања Национална Алијанса за Интеграција – НАИ се земени од Табела 9. „Расходи“*

Специфично е што износите за комунални услуги и греење и превозни – транспортни услуги се идентични со износите евидентирани во извештаите кои овој учесник ги има прикажано во извештаите доставени до ДКСК, а кои се однесуваат на Локалните избори одржани во 2025 година. Единствено додаден е износ за расходи за одржување на предизборни собири согласно Фактура со датум на плаќање 16.01.2026 година, кој трошок се однесува на извештајниот период – Повторни локални избори 2026 година.

- Во Спецификацијата на трошоци за „Данок на личен доход“ наведен е износ од 16.667 денари за платен данок. Покрај овој износ наведен и

износ од 91.834 денари, за чиј извор на податок нема дадено објаснување.

- Дополнително несовпаѓање постои во прикажаните трошоци за реклама и пропаганда во Спецификацијата на трошоците и точка 9 Расходи, од каде може да се констатираат три различни износи: 10.597.976 денари, 10.276.492 денари и 3.507.456 денари.
- Несогласување на податоците е констатирано и при споредба на податоците од точката 9.„Расходи" со точката 10.„Вкупни приходи и вкупни расходи". Имено, во точката 9 искажаните вкупни расходи изнесуваат 3.677.410 денари а расходите во точката 10 се искажани во износ од 10.552.653 денари.

Сето ова покажува на утврдена разлика меѓу прикажаните приходи и расходи во вкупниот финансиски извештај, поради што ДКСК нема точни податоци за приходите и расходите за учесникот Национална Алијанса за Интеграција – НАИ во изборната кампања.

Што се однесува до платеното политичко рекламирање (ППР), вкупниот износ обезбедени по овој основ изнесува 6.875.007 денари. Овие средства се користени за емитување на платено политички реклами преку:

- радио, за што се потрошени 5,7% од средствата кон два медиуми,
- телевизија, за која се потрошени 71,5% кон пет телевизии и
- рекламен простор на електронски медиуми со 22,8% од средствата, уплатени кон седум веб портали,

Сето прикажано во Табела 6.2.

**Табела 6.2.** Структура на расходи за ППР на Национална Алијанса за Интеграција – НАИ

| Вид на расход за ППР | Износ во денари |
|---|---|
| ***Емитување на ППР преку радио*** | 390.330 |
| ***Емитување на ППР преку телевизија*** | 4.917.796 |
| ***Емитување на ППР преку рекламен простор на веб портал*** | 1.566.881 |
| ***Вкупно:*** | **6.875.007** |

## 5.3. АНАЛИЗА НА ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА СИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО ИЗБОРНАТА КАМПАЊА

### 5.3.1. Приходи

За време на Повторните локални избори 2026 година обезбедени се приходи во вкупен износ од **18.496.573** денари.

Средствата кои учесниците ги обезбедиле со донации од физички и правни лица како и средствата обезбедени со пренос од основните сметки на политичките партии изнесуваат вкупно **5.894.067** денари.

**Табела 7.** Извори на средства обезбедени од донации и од основната трансакциска сметка на политичката партија по учесник изразени во денари

| Подносител на листа | Приход и од донации во пари, ствари и услуги од физичк и лица | Приход и од донаци и во пари, ствари и услуги од правни лица | Донации од физички лица пренесени од основната трансакциск а сметка на политичката партија | Други приходи пренесени од основната трансакциск а сметка на политичката партија на трансакциск а сметка за изборна кампања | Вкупно: |
|---|---|---|---|---|---|
| Коалиција ВЛЕН | / | / | 450.000 | / | **450.000** |
| Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ | / | / | 1.348.217 | / | **1.348.217** |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 50 | 15.000 | / | / | **15.050** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| СДСМ за избор на градоначалник на општина Маврово и Ростуша | / | / | / | 390.000 | **390.000** |
| **Национална Алијанса за Интеграција – НАИ** | 800 | / | / | 3.690.000 | **3.690.800** |
| **Вкупно:** | **850** | **15.000** | **1.798.217** | **4.080.000** | **5.894.067** |

Анализата покажува дека најголем дел од приходите биле обезбедени од основната сметка на политичките партии пренесени на трансакциските сметки за кампања, додека незначителен дел биле обезбедени од уплата на донации од физички и правни лица за кампања.

Меѓутоа доколку се земат предвид средствата кои учесниците ги добиле со намена за платено политичко рекламирање, состојбата е следна:

За платено политичко рекламирање од Буџетот на РСМ биле одвоени вкупно **12.602.506** денари на тројца учесници во изборната кампања, и тоа:

**Табела 8: Средства за платено политичко рекламирање по учесник**

| Учесник | Износ на ППР во денари |
|---|---|
| Коалиција ВЛЕН | 5.199.230 |
| СДСМ за избор на градоначалник на општина Маврово и Ростуша | 528.269 |
| Национална Алијанса за Интеграција - НАИ | 6.875.007 |
| ВКУПНО | 12.602.506 |

или графички прикажано:

## Графикон 1:




Имајќи го предвид вкупниот износ на обезбедени средства за платено политичко рекламирање споредено со износот на останатите приходи за изборната кампања, се доаѓа до заклучок дека и овој изборен циклус како и во претходните, доминираат средствата кои учесниците ги обезбедиле за платено политичко рекламирање.

## Графикон 2:



### 5.3.2. Расходи

Вкупните расходи на учесниците во Повторните локални избори 2026 година изнесуваат на **18.483.183** денари.

Средствата кои учесниците ги обезбедиле од донации и од средства пренесени од основната трансакциска сметка на политичките партии кои изнесуваат **5.894.067** денари, се употребени за:

**Табела 9.** Трошење на средствата обезбедени од донации и од средства на политичките партии:

| Вид на расход | Коалиција ВЛЕН | Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“предводена од ВМРО-ДПМНЕ | Демократска партија на Турците на Македонија | СДСМ за избор на градоначалник на општина Маврово и Ростуша | Национална Алијанса за Интеграција – НАИ* | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Издатоци за реклама и пропаганда*** | 448.880 | 1.205.736 | 12.862 | 371.606 | 3.507.456 | **5.546.540** |
| ***Сметководствени услуги*** | / | 7.236 | / | / | 150.000 | **157.236** |
| ***Провизии за платен промет и надоместоци за банкарски услуги*** | 1.120 | 245 | 1.258 | 3.458 | 3.287 | **9.368** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Данок на личен доход* | / | / | / | / | 16.667 | 16.667 |
| *Пренесени средства на основна трансакциска сметка на политичката партија* | / | 135.000 | 930 | 14.936 | / | 150.866 |
| *Вкупно:* | **450.000** | **1.348.217** | **15.050** | **390.000** | **3.677.410** | **5.880.677** |

* *Податоците наведени за учесникот во изборната кампања Национална Алијанса за Интеграција – НАИ се земени од Табела 9. „Расходи“*

Утврдена е разликата помеѓу приходите и расходите која произлегува од несовпаѓањето на податоците во извештајот на учесникот во изборната кампања Национална Алијанса за Интеграција – НАИ

Податоците укажуваат дека најголем дел од овие средства биле потрошени за издатоци за реклама и пропаганда 94%, потоа следуваат издатоците за сметководствени услуги, данок на личен доход и провизии за платен промет и надоместоци за банкарски услуги. Средствата кои не се потрошени во кампањата, во вкупен износ од 150.866 денари, кои тројца учесници ги имале на располагање на трансакциската сметка за изборната кампања, ги вратиле на основните сметки на политичките партии.

**Графикон 3: Учеството на поединечните расходи во вкупните расходи:**




Анализата на средствата потрошени за платено политичко рекламирање покажува дека за емитување на реклами биле потрошени вкупно **12.602.506** денари, а по вид на медиум се прикажани во табелата подолу:

**Табела 8. Расходи за ППР според вид на медиум**

| Учесник во изборната кампања | Коалиција ВЛЕН | СДСМ за избор на градоначалник на општина Маврово и Ростуша | Национална Алијанса за Интеграција – НАИ | Вкупно: |
|---|---|---|---|---|
| ***Емитувањето на ППР преку радио*** | 54.120 | / | 390.330 | **444.450** |
| ***Емитувањето на ППР преку телевизија*** | 4.015.460 | 369.185 | 4.917.796 | **9.302.441** |
| ***Емитувањето на ППР преку рекламен*** | 1.129.650 | 159.084 | 1.566.881 | **2.855.615** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *простор на веб портал* | | | | |
| Вкупно: | 5.199.230 | 528.269 | 6.875.007 | 12.602.506 |

**Графикон 4: Процентуалното учество по видот на услугата на емитување на ППР е следна:**




Од податоците може да се заклучи дека доминантно е рекламирањето преку телевизија, со 74% од средства, потоа следува рекламирањето на веб портали со 23% од средствата и радиото со само 3% .

## 6.СЛАБОСТИ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека постојат значителни слабости во законската регулатива која ги уредува изборните процеси, со што се создава потреба од нивно унапредување, менување, дополнување и усогласување. Покрај одредени измени на Изборниот законик, сè уште постојат празнини и нерегулирани прашања кои сериозно го засегаат работењето на Државната комисија за спречување на корупцијата и ефективното следење на спроведување на изборните процеси.

Системските слабости во изборниот процес на Република Северна Македонија се последица на различни аспекти на правната и институционалната рамка. Овие слабости се одраз на недостатоци во правната регулатива, како и на проблеми со

спроведувањето и управувањето со изборните процеси. Клучните области на загриженост се недостаток на јавна расправа, проблемите со транспарентноста и имплементацијата на новите регулативи, ограничените ресурси и обуката на изборната администрација, како и недостатокот на поддршка на институциите одговорни за изборите. Овие проблеми доведуваат до непредвидливост и несигурност во изборниот процес, што може да влијае на неговата стабилност и ефикасност.

Изборната администрација, вклучително и Државната комисија за спречување на корупцијата има ограничени човечки и финансиски ресурси, што може да влијае на навремената подготовка и комуникацијата со останатите изборни органи и јавноста. Овие слабости ја нагласуваат потребата од подобрување на правната и институционалната рамка за изборниот процес, со цел да се обезбеди поголема стабилност, транспарентност и ефикасност на изборите во Република Северна Македонија.

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди потреба од унапредување на законската регулатива со која се уредуваат прашања од областа на изборните процеси, во насока на нивно менување, дополнување и усогласување. Во продолжение се наведени утврдените слабости:

- **Прецизност на регулативите за финансирање:** Потребно е да се преиспитаат и дополнително да се прецизираат одредбите од член 83 став 2, особено во делот на финансирањето на изборната кампања од редовната сметка на политичката партија и донациите. Ова се однесува на поставување на поединечни и вкупни лимити на средства финансирани или донирани од физички и правни лица, со цел да се спречи прекумерното влијание на приватни интереси, но и да се ограничи прекумерното финансирање на изборните активности со државни средства кои имаат сосема различна намена.
- **Недорегулирани критериуми за буџетско финансирање:** Во услови на финансирање на изборни кампањи со буџетски средства, член 76-д треба дополнително да се уреди со пропишување на мерливи критериуми за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за платено политичко рекламирање и да се избегнат недоследности кои доведоа одредени учесници да бидат лишани од можност за добивање на средства за платено политичко рекламирање од Буџетот.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

- **Утврдени критериуми за распределба на буџетските средства за ППР** кои не обезбедуваат јасна и пропорционална распределба на буџетските средства за платено политичко рекламирање, затоа што не ја предвидуваат распределбата на средства за парламентарни партии кои имаат формирано пратеничка група во Собранието, но не се дел од двете најголеми позициски или опозициски партии.
- **Нејаснотии во поврзаноста на донаторите:** Има потреба да се уреди начинот на кој донаторите ќе докажат дека не се „поврзани лица“ со радиодифузерите, печатените и електронските медиуми при финансирање или донирање на политичките партии. Ова е клучно за избегнување на конфликти на интереси и за обезбедување транспарентност во финансирањето.
- **Непрецизни одредби за вишок на средства и неплатени обврски:** Одредбите од член 85 треба да се преработат за да се дефинира јасен начин на постапување кога ќе се открие вишок на средства на сметката за изборна кампања или во случај на неплатени обврски по затворање на изборните сметки.
- **Поддршка на независни кандидати од коалиции и партии:** Потребно е да се уредат условите под кои коалиција или политичка партија може да поддржи независен кандидат и да ги користи средствата за платено политичко рекламирање во корист на таков кандидат, како и да се прецизираат условите и начинот на таквата поддршка.
- **Мониторинг на медиумското претставување:** Неопходно е доуредување на Изборниот законик за да се определи надлежен орган за следење и известување за медиумското претставување на интернет порталите за време на изборите.
- **Примена на интероперабилни системи:** Член 76-д став 11 треба да се дополни со воспоставување на интероперабилен систем за размена и контрола на податоци за активноста на банерите, во кој ќе бидат вклучени сите засегнати страни.
- **Регулирање на учеството во изборна кампања преку социјални мрежи:** Постои потреба од уредување на начинот на организирање, плаќање, следење и известување до надлежните органи за интернет претставувањето кое го вршат учесниците во изборната кампања преку социјалните мрежи.

- **Електронски медиум - услови и критериуми:** Потреба од доуредување на условите и критериумите што треба да бидат исполнети од страна на електронските медиуми за да имаат можност да аплицираат за политичко рекламирање во ДИК.
- **Распределба на буџетски средства за платено политичко рекламирање:** Пропишување на јасни и прецизни критериуми за распределба на буџетските средства наменети за платено политичко рекламирање на електронските медиуми (интернет портали).
- **Рокови за исплата на донации:** Преиспитување на утврдениот краен рок за уплата на донации, односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања.
- **Доуредување на член 84-б, став 8:** Доуредување на член 84-б, став 8 со кој ќе се даде можност Министерство за финансии со подзаконски акт да го уреди начинот на водење на деловните книги и подготвување на финансиските /финансискиот извештај за изборната кампања имајќи ги предвид сите видови/ извори на финансирање на изборната кампања особено кога не секогаш истите предизвикуваат паричен прилив на трансакциската сметка. Истовремено, воведување на целосно дигитално известување и следење од страна на учесниците, односно надлежните органи.
- **Казнени и прекршочни одредби:** Доуредување на Изборниот законик со што во делот на Казни и прекршочни одредби ќе бидат предвидени глоби и за електронските медиуми (електронските портали) во случај за недоставување на Извештај за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени и се побаруваат по таа основа.
- **Обучување и поддршка за финансиско известување:** Постои потреба од определување на орган кој ќе ги спроведува обуките поврзани со финансиското известување, со што ќе се подобри транспарентноста и навременото информирање на јавноста за финансирањето на изборната кампања.

Овие слабости укажуваат на потребата од сериозни унапредувања на Изборниот законик за да се обезбеди правична, транспарентна и ефикасна регулатива која ќе овозможи Државната комисија за спречување на корупцијата, како и сите институции ефективно да ги спроведуваат своите надлежности и да придонесуваат кон интегритетот на изборните процеси во Република Северна Македонија.

## ЗАКЛУЧОК

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 36 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси изготви Посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања за Повторните локални избори, кој претставува сеопфатен преглед на финансиските аспекти на изборниот процес, особено фокусирајќи се на приходите, расходите и правната рамка поврзана со финансирањето на изборната кампања.

Извештајот, детално ги анализира и административните процедури поврзани со финансирањето на изборната кампања. Овој документ обезбедува детална анализа на финансиските текови, идентификувани системски слабости и предлог мерки за подобрување на транспарентноста и ефикасноста на изборните активности, како и подобрување на улогата на Државната комисија за спречување на корупцијата во борбата против корупцијата, преку ефикасното постапување по предметите и имплементација на мерки за зголемување на транспарентноста и отчетноста пред граѓаните.

Со извештајот опфативме активности што ДКСК ги презема пред започнување на изборната кампања, како превентивни мерки преку објавување на соопштение за законските ограничувања за трошење на буџетските средства, со цел намалување на незаконски активности за време на изборниот процес.

Од вкупните извори за финансирање на изборната кампања во износ од 18.496.573 денари, 68% се средства директно обезбедени од буџетот на државата за платено политичко рекламирање, поради што ДКСК укажува на потребата за промена на законската регулатива во насока на преиспитување на овој начин на финансирање на изборните кампањи, поради постоење на корупциски ризици и влијанија на политичките партии врз уредувачката политика на медиумите.

Во однос на законската обврска за доставување на извештаи, констатиравме дека еден од учесниците во изборниот процес нема доставено ниту еден финансиски извештај за изборната кампања, а уште двајца учесници делумно ја исполниле законската обврска.

Утврдено е и дека еден учесник има доставено вкупен финансиски извештај со нецелосни податоци заради што ДКСК не беше во можност да добие вистинска слика во однос на приходите и расходите на истиот.

Извештајот укажува на потребата од зајакнување на системите за следење и надзор за обезбедување поголема транспарентност и отчетност во финансирањето на

изборните кампањи и дигитализација на целиот процес на финансиски известување.
Финансиското управување претставува сериозен предизвик, но успехот на ДКСК во борбата против корупцијата и справувањето со неправилностите е видлив и значителен и покрај сите предизвици.

Овој извештај претставува значаен документ кој дава јасна слика за состојбата на финансирањето на изборната кампања во Северна Македонија во 2026 година, преку детално разгледување на приходите, расходите и правната рамка, кој ја нагласува потребата од реформи и подобрувања, кои ќе обезбедат фер и транспарентен изборен процес во иднина.

Претседател

Адем Чучуљ

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup